# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ

# 2022 - 2023









## Организациски развој на Младински образовен форум

Во престојната 2023 година, МОФ како организација ќе се фокусира најмногу на следните три работи – 1) проширување на младинските клубови низ целата држава, зголемување на членството и проширување на опсегот на работа со различни младински таргет групи 2) реструктура на внатрешната организација на организацијата 3) застапување за младински потреби и права 4) Креирање нови партнерства со донатори и организации.

1) **Проширување на младинските клубови низ целата држава, зголемување на членството и проширување на опсегот на работа со различни младински таргет групи;**

Имајќи предвид дека поради пандемијата членството на МОФ опадна и се намали интересот за младинските клубови во 2022 година организацијата спроведе сеопфатен процес на регрутација во кој се пријавија над 2,000 млади луѓе ширум целата држава. Оттука, организацијата има за цел, поради фактот што има обезбедено доволно финансиски средства, да се прошири на дополнителни локации низ државата со цел да бидат опфатени што поголем број на млади луѓе кои ќе бидат членови на младинските клубови на МОФ. При селекција на локациите ќе се земат предвид пред сè помалку развиените градови како и руралните места поради фактот што младите од овие места се соочуваат со најмал број на можности особено во делот на неформалното образование. Дополнително, организацијата ќе се стреми и во рамки на своите активности и делувања што повеќе да ги вклучи младите со попреченост, младите од групните домови како и младите кои биле во контакт со законот. Финално, организацијата ќе продолжи со организирање на тренинзи за тренери со цел постојано градење и јакнење на капацитетите на тренерите во младинските клубови.

2) **Реструктура на внатрешната организација на организацијата**

Идејата на оваа цел е да се одржи сеопфатна дискусија со членовите на МОФ, вработените во организацијата и членовите на Управниот одбор а во насока на рестуктура на внатрешната организација со цел пофикасно и пофективно работење на организацијата.

3) **Застапување за младински потреби и права**

МОФ ќе продолжи со активно застапување за младинските потреби и права. Членови на организацијата се дел од неколку работни групи за креирање на политики за млади како на пр. Законот за младински стандард и Законот за средношколско организирање. Дополнително, МОФ ќе продолжи со креирање на истражувања за млади луѓе, продолжувајќи со своето позиционирање како една од ретките ако не и единствената организација која прави истражувања за млади. Дополнително, препораките кои произлегуваат од тие истражувања ќе бидат искористени како основа за застапување за подобрување на младинскиот стандард и образованието. Финално, организацијата ќе продолжи да соработува со клучните институции и тела кои работат со млади и за млади како Агенцијата за млади и спорт, Националниот младински совет на Македонија, Советникот за младински политики во кабинетот на Премиерот, Клубот за младински политики во рамки на Собранието на Р.С Македонија и останати невладини организации кои работат со млади.

4) **Креирање нови партнерства со донатори и организации**

Организацијата ќе почне со насочување кон креирање на нови партнерства со донатори и организации. Идејата е МОФ да не биде постојано зависен од истите донатори, туку да започне соработка со останати организации кои одвојуваат средства за млади со кои организацијата во минатото ретко или воопшто не соработувала. Станува збор за Агенциите на ООН, Британската и Холандската Амбасада, како и Европската комисија односно Еразмус програмата. Цел на

организацијата е да се позиционира како стратешки партнер на овие агенции и организации и да биде препознатлива како водечката младинска организација во државата.

Во престојната 2022/2023 дебатниот курикулум се проширува, и на истиот се додаваат содржини за медиумска писменост. Дебатата како таква, со цел да ги зајакне аргументите многу често користи вести, колумни и информации кои ги пронаоѓаат во медиумите. Дополнително, критичкиот момент и логичноста во дебатата е апликабилна и во делот на критичкиот пристап кон новинарски текстово. Заради ваквата блискост, дебатната програма ќе има интегрирани предавања кои обработуваат теми од дебатна теорија и медиумска писменост истовремено. Дополнително, предвидено е во рамки на програмата да се зголеми бројот на турнири, особено турнирите на локално ниво ако се има предвид експанзијата на дебатни клубови низ државата, организација на дебатни настани како Аргумент, учество на меѓународни турнири, јакнење на капацитетите на дебатната програма како и поголема соработка помеѓу дебатните друштва во регионот.

**1. Национално дебатно првенство за почетници 2022**

Во престојната 2022/2023 година, Националното дебатно првенство за почетници ќе се реализира со поддршка од проектот спроведуван во рамки со партнерството со УНХЦР. Идејата на првенството на почетници е да се дебатира на тези поврзани со бегалци, баратели на азил и лица без државјанство а во насока на зголемување на информациите поврзани со овие категории на лица кај младите членови на МОФ и дополнително да се влијае кон подобрување на наративот поврзан со бегалците, барателите на азил и лицата без државјанство.

**2. Национално дебатно првенство 2023**

Традиционално како и секоја година, Дебатната програма во пролетните месеци ќе го организира националното дебатно првенство. Имајќи предвид дека турнирот е во рамки на проектот за медиумска писменост тезите кои што ќе се дебатираат на турнирот ќе бидат токму со фокус на таа тема.

**3. Тренинг за тренери и градење на капацитетите на дебатната програма**

Имајќи предвид дека голем дел од тренерите во дебатните клубови прв пат ќе бидат предавачи по дебата, предвидено е дебатната програма да организира сеопфатен тренинг за тренери по дебата. Идејата е да се зајакнат капацитетите на дебатната програма каде што ќе се продлабочат знаењата на тренерите, пред сè во областа на дебатата и медиумската писменост.

**4. Аргумент**

МОФ, преку дебатната програма, со години наназад го организираше настанот „Аргумент“ кој како таков претставуваше еден од ретките ако не и единствениот дебатен настан на кој се дебатираше на теза која беше релевантна и од исклучителна важност за државата во дадениот период. И покрај тоа што во изминатите години бројот на дебатни емисии и настани нагло порасна, сепак дебатната програма треба да продолжи со организација на овој настан, со одредени видоизмени и освежување, а со цел повторно позиционирање на МОФ како водечка организација препознатлива по правилно и аргументирано дебатирање.

**5. Студентска/ Универзитетска дебата**

Програмата веќе со години наназад има идеја да го прошири опфатот на нејзините активности на универзитетите, специфично со отворање дебатни клубови по Британска парламентарна дебата особено на најголемиот и најбројниот универзитет во државата „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Имајќи предвид дека МОФ има одлична соработка со овој универзитет идејата е во партнерство со универзитетот да се пилотира програма по британска парламентарна дебата. Со ова, програмата ќе ја прошири својата видливост и работа со студентите и ќе може да се натпреварува на меѓународни турнири по британска парламентарна дебата како и останатите држави.

### 6. Учество на меѓународни турнири

Во наредната година предвидено е победниците на националниот почетнички турнир како и на националниот турнир по дебата да бидат испратени на меѓународни турнири како вид на награда за нивната победа. Со ова дебатната програма ќе овозможи градење на капацитетите на дебатерите, ќе ја зголеми својата видливост во дебатниот свет и дополнително ќе оствари контакти со останати дебатни друштва кои понатаму ќе бидат од корист во градење на капацитетот на самата програма.

### 7. Организација на локални турнири

Идејата на ова активност е да се децентрализираат дебатните активности надвор од Скопје односно, да се поттикне поголема активност од страна на локалните центри на МОФ. Оттука, МОФ преку дебатната програма ќе се потруди да даде логистичка и финансиска поддршка кон локалните центри на МОФ а со цел оживување на претходната традиција во смисла на организација на локални турнири од страна на локалните центри на МОФ на кои би учествувале дебатери, членови на дебатните клубови на МОФ од целата држава.

### 8. Враќање на МТТ (Турнир на мешани тимови)

Во минатото, дебатната програма со цел поголемо зближување на дебатните тренери и дебатерите од различни генерации како и пренесување на искуство помеѓу истите, на крајот на секоја учебна година организираше турнир на мешани тимови каде што во секој тим учествуваше еден искусен дебатен тренер, асистент на клуб/член на напреден клуб и почетник во дебатен клуб. Имајќи го предвид фактот дека во последните две години овој турнир не се организираше поради пандемијата, дебатната програма ќе се стреми да го организира овој турнир кој што ќе придонесе кон поголемо зближување на членовите на дебатната програма.

### 9. Соработка со дебатни друштва од регионот

Идејата на оваа активност е да се започне односно продлабочи соработката помеѓу дебатните друштва во регионот а во насока на градење на капацитетите на дебатната програма како и организација на заеднички активности – тренинг за тренери или дебатни турнири. Имајќи предвид дека дебатните друштва во регионот (Србија, Бугарија, Грција и Хрватска) се друштва кои што се поразвиени од дебатната програма на МОФ оваа соработка ќе претставува одлична шанса за јакнење на капацитетите на програмата и зголемување на видливоста на дебатната програма во регионот.

## ЗА ПРОГРАМАТА

Програмата Учиме право е насочена кон едукација на младите за човековите, граѓанските и политичките слободи и права, демократијата и концептот на владеење на правото, Европската Унија и процесот на евроинтеграција на Република Македонија.

Програмата е изградена врз основните принципи на неформалното образование и преку интерактивни методи на работа и интерактивни предавања кои се разликуваат од традиционалниот начин на предавање во училниците. Основна идеја Учиме право е дека демократските вредности не се наследни, туку секојдневно се учат и само преку негување на овие вредности и нивно секојдневно практикување може да се очекува постоење на младина која е свесна за своите загарантирани слободи и права и активна во процесот на развој на демократското општество, остварување на принципот на владеење на правото и јакнење на правната држава. Предлог - програмата е насочена кон понуда на нови начини на работа на програмата, како и продолжување на добрите практики воспоставени од претходниот програмски координативен тим. Програмата е структурирана во четири сегменти:

1. Одржливост на програмата;
2. Видливост;
3. Внатрешна и надворешна поврзаност и
4. Проширување на активностите и курикулумот.

Сите сегменти се испреплетени и меѓузависни, односно реализацијата на еден сегмент е неопходен за реализирање на други сегменти.

## ОДРЖЛИВОСТ НА ПРОГРАМАТА

Одржливоста на програмата е еден од клучните приоритети за кој е потребен посебен акцент. Одржливоста опфаќа неколку аспекти како:

- финансиска одржливост и намалување на финансиска ранливост;
- развој на константни извори на програмски тим и
- зголемување на влијанието со понуда на квалитетни активности и содржини

Од финансиски аспект одржливоста на програмата, ќе помогне во квалитетно функционирање и подобрување на условите на предавачите и асистентите кои ги одржуваат предавањата.

Аплицирањето на проекти кои се во склад со општествените текови и интереси, а истовремено паралелни со вредностите и активностите на програмата Учиме право, ќе помогне во воспоставување на одржливоста на програмата.

Активностите во почетниот период ќе бидат насочени кон активно следење на повици во областите на човекови права, младинско учество и застапување и слични, кои се фундаментални со темите на интерес на програмата. Меѓутоа отворена е и можноста за проширување на полето на интерес за теми кои се сродни со програмата Учиме право.

Мапирањето на идеи за проекти меѓу предавачите и асистентите на клубовите, како основа на организацијата, исто така, ќе биде клучно за квалитетно чекорење кон одржливост на програмата. Одржливоста на програмата, опфаќа одржливост и на човекови ресурси. Ова означува активности насочени кон создавање на потенцијал на членови кои можат да се приклучуваат на програмскиот тим на предавачи и асистенти и квалитетно функционирање, пред сè, на постојаниот состав на програмскиот тим на предавачи и асистенти.

## ВИДЛИВОСТ

Препознавањето, е клучно за секој аспект на функционирање на програмата. Главна цел е зајакнување и продолжување на препознавањето Учиме право, како бренд во рамки на МОФ. Видливоста ќе помогне, вредностите на програмата да допрат до потенцијални донатори, институции од кои можат да произлезат соработки и дополнително членство.

Ќе бидат преземени промотивни акции на социјалните мрежи и другите алатки. Ќе се работи на актуелно и навремено известување за активностите на клубовите на социјалните мрежи. Во однос на промоцијата и комуникациската стратегија, истата е неопходно да биде спроведувана во координација со програмскиот тим на предавачи и асистенти.

Ќе бидат организирани трибини и промотивни настани на локано ниво, каде ќе можат предавачите и асистентите, заедно со членовите на клубовите Учиме право, да ја презентираат содржината на програмата.

Јакнење и промовирање на servismladi.mk како платформа која има директен допир со младите, во однос на нивните права и обврски.

Одржување на симулации на судења, избори, парламентарни дебати, во кои активно учество ќе заземат членовите на клубовите. Главна цел на ова е правење на домино ефект кај младите, со цел поттикнување на дополнителен интерес за приклучување на програмата, како и градење на потенцијал и квалитет кај членови, кои можат во иднина да се приклучат на програмскиот тим на предавачи и асистенти на програмата

## ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА ПОВРЗАНОСТ

Поврзаноста и тимскиот дух ќе е една од главните премиси во функционирањето на програмата Учиме право.

Ќе се продолжи и негува воспоставената комуникација со програмскиот тим на предавачи и асистенти. Тука спаѓа одржување на редовни месечни состаноци, со кои може да се јакне соработката помеѓу сите клубови и да се спроведува дедуктивен фидбек за состојбата на клубовите. Секој предавач и асистент, ќе биде активно поддржан/на, мотивиран/на како логистички, така и капацитетно и морално, за остварување на активности кои ги надополнуваат основните цели на програмата Учиме право, како и на Младинскиот Образовен Форум.

Програмата мора да се насочи кон градење на тимскиот дух и капацитетите на сите членови, како и предавачи и асистенти во клубовите. За таа цел, ќе се работи на планирање и реализација на Учиме право викенд (ЕУ викенд/Human rights weekend), со одредена тематска содржина. Ваквите настани исто така, ќе може да продуцираат соработка со експерти и предавачи кои ќе присуствуваат на предавањата и членовите, како и предавачите и асистентите во Учиме право клубовите.

Во однос на надворешна поврзаност, ќе бидат преземени активности за соработка со други невладини организации и институции кои ќе пружат нови можности за Учиме право програмата. Исто така, ќе се работи на проширување на соработката со институции, како на пример посета во Владата, Генералштаб на Министерството за одбрана, ќе се продолжат посетите на Собранието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител, општинските совети и кабинетите на Градоначалниците и ќе се воспостави практика за редовни посети во Министерството за надворешни работи.

Со осврт кон институционалната соработка, се продолжи комуникацијата со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, во однос на одржување на редовни посети во Вила Водно. Ќе се воспостави редовна соработка и комуникација со Кривичниот суд во

Скопје, Уставниот суд и Управниот суд, со цел да се обезбеди пристап за посети од страна на членовите на клубовите. При реализација на посетите, ќе се вложи максимален напор, со минимални финансиски импликации, да бидат вклучени членовите на клубовите надвор од Скопје.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ И КУРИКУЛУМОТ

Курикулумот на теми во рамки на програмата, во изминатиот период поради многу екстерни фактори претрпе големи измени. Цел ќе биде сосредоточување на планот на работа и темите кои се дел од содржината на предавања. Филтрирањето ќе се направи во блиска координација со програмскиот тим на предавачи и асистенти, како и во консултација со бивши искусни предавачи во рамки на програмата.

Во однос на курикулумот, како најголемо помагало за предавањата, мора да се реализира ревизија и изработка на второ издание на прирачникот за Учиме право. Имено ова ќе овозможи ажурирање на податоци, додавање и исфрлање на теми, во зависност од планот за работа и предавања по клубовите.

Поради интерес на проширување, ќе е работи и на печатење и издавање на прирачник на албански јазик, кој ќе помогне во етаблирање на клубови на Учиме право на албански јазик.

Функционирањето на програмата исто така, е биде насочено кон проширување на дијапазонот на активности, во однос на поголема соработка со другите програми. Имено тоа би значело заеднички активности на членовите на Учиме право со програмите и членовите на Дебата, Артивизам и Истражување, анализа и креирање на младински образовни политики:

- Спроведување на дебати, кои тематски доаѓаат од содржините на програмата Учиме право, а форматот е утврден од членовите на Дебата
- Спроведување на артивистички акции и поддршка на активностите на програмата Артивизам и
- Поттикнување за правење на студии на случај за некое право прашање на внатрешен план, или некој меѓународен случај, со поддршка на програмата Истражување и анализи

## НОВИТЕТИ ВО КЛУБОВИТЕ НА МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ

### РЕВИДИРАЊЕ НА КЛУБови - Артивизам

Во периодот кој следува, програмата, курикулумот, планот за работа и методите ќе бидат целосно ревидирани и насочени кон обезбедување на простор за квалитетна методолошка и дидактичка обработка на активизмот во целина. Иницијално, идејата за целосно ревидирање на програмата по која што работат клубовите Артивизам произлегува од потребата за поефективна, поедноставна, подостапна едукативна средина.

Несомнено, овој начин на осовременување на идејата за Артивистичките клубови при МОФ, а особено промените при реализација на предавањата во текот на целата година, ќе имаат огромно значење за ефикасноста на тимот. Но, ќе имаат и придонес кон конкретизирање на вештините и фидбекот кој треба да го добијат крајните консументи. Односно, членовите на програмата.

Идејата е курикулумот, планот за работа и методите да бидат целосно ревидирани и насочени кон членовите, нивните индивидуални потреби, барања и афинитети.

### МЕТОДОЛОШКА ОБРАБОТКА И ПРОМЕНА НА МЕТОДИТЕ НА РАБОТА

Програмата Младински активизам ќе обезбеди неформален простор за разгледување на суштинските потреби и проблеми на младите луѓе. Активизмот, како поим и философија, ќе биде претставен преку современи примери, современи начини на реализација и современи едукативни методи за изучување на конкретни вештини и градење капацитети. Низ призмата на современата активистичка литература, младите ќе бидат насочени кон тоа да:

- Мапирање на проблемите со кои се соочуваат;
- Соодветно дејствување;
- Доследност и истрајност;

Дидактичките средства кои ќе се користат за време на средбите ќе бидат насочени кон осовременување и откривање на потребите на младите луѓе.

Методите на работа ќе бидат имплеметнирани врз основа на меѓусебна рефлексија од страна на членовите, предавачите и/или гостите предавачи. Методолошката обработка ќе биде насочена и кон меѓусебна рефлексија од страна на членовите, предавачите.

## НОВИТЕТИ ВО НОВИНАРСКИ КЛУБ

### МЕТОДОЛОШКА ОБРАБОТКА И ПРОМЕНА НА МЕТОДИТЕ НА РАБОТА

Новинарскиот клуб ќе го промени начинот на реализација на предавањата и ќе се насочи кон осовременување на пристапот и работата. Планирано е новиот предавач да ја подобри соработката и квалитетот неформалните средби.

Во периодот кој следува, методите, литературата и комуникацијата помеѓу предавачот и членовите ќе биде насочена кон целосна обработка на стандардни и современи начини за креирање на новинарски продукти.

### ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА

Несомнено важно е ажурното и посветено следење на состојбата, проблемите и потребите на младите луѓе. Конструктивната комуникација, асертивните разговори и соработката помеѓу Артивизам клубовите од различните градови ќе биде еден од најважните приоритети при имплементацијата на планот за осовременување на пристапот и работата на клубовите и

програмата во целина. Предвидено е финалните продукти од клубовите да се искористат за креирање заедничка иницијатива, акција, застапување или друг вид на взаемно дејствување.

Се со цел подобрување на соработката и комуникацијата помеѓу предавачите, координативниот тим на програмата и локалните координатори – планирани се месечни состаноци и средби во живо се со цел обезбедување на фидбек, коментари, решавање одреден проблем, забелешки и друго.

**ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ |Поддршка на мали локални активистички грасрут движења и организации**

Планирањето на финансиите и самоодржливоста се дел од клучните цели на програмата за периодот кој следува. Со цел обезбедување на финансиска одржливост, програмата ќе се насочи кон активно следење и аплицирање на долгорочни проекти од областа на граѓанскиот активизам, креативниот активизам, младинското изразување, култура или уметност. На овој начин ќе се зајакнат процесите, ќе се потенцира квалитетната реализација на програмските активости и ќе се остварат предвидените цели и насоки.

Практикувањето, односно потпишувањето на меморандуми за соработка помеѓу Младински образовен форум, како Здружение на граѓани и соработниците, односно партнерите, ќе биде дел од приоритетите на програмата. Предвидена е поддршка на мали локални активистички дејствувања или иницијативни. Односно, преку прилагодување на интересите, поделба на комуникација и соодветно делување, ќе се постигне подобрување на процесите на застапување и зголемување на влијанието на програмата Младински активизам.

**КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛЕН АКТИВИЗАМ ENGAGE 2023**

Дванаесеттото издание на конференицијата за социјален активизам ENGAGE ќе обезбеди простор за спој помеѓу традиционалното и современото активистичко делување во светот. Покрај традиционалниот начин на изведба на говори на домашни и меѓународни активисти, дванаесеттото издание на конференцијата повторно ќе понуди интерактивни содржини кои имаат за цел да промовираат алтернативна култура и уметност. Во рамки на настанот, ќе се реализираат соодветни предавања, работилници и интерактивни перформанси.

Дополнително, програмата на конференцијата ќе обезбеди и толкување на знаковен јазик. Покрај главната конференција ENGAGE, ќе се организира и ENGAGE Youth, односно конференција наменета за млади активисти од разни градови од државата.

**Cult+Alt+Repeat „КУЛТУРНО ЛЕТО ВО МОФ“ 2023**

Програмата Младински активизам ќе продолжи со организација на настанот Културно лето во летниот период во 2023 година преку проширување на временскиот период на реализација, аудио и видео пренос на социјални мрежи, промоција на кратки сетови од бендови и диџеи, и организација на други активности во поддршка на алтернативната културна сцена.

Третото издание на Cult+Alt+Repeat ќе обезбеди канал за младинско дејствување и културно изразување. Програмата Младински активизам, во август ќе биде посветена на креирање простор за социјализација, младинско меѓусебно запознавање, слушање квалитетна домашна и странска музика, дизајнирање, цртање, креирање со примена на реупотреблив дизајн, компонирање музика, проследување на актуелни домашни филмови, критикување на културни настани, афирмирање на применетата уметност и опуштање со јога.

Преку Cult+Alt+Repeat, МОФ и Радио МОФ ќе продолжат да се стремат за подигнување на нивото на информираност на младите, за обезбедување простор за младинска и културно дружба и афирмирање на младинскиот активизам во целина.

Процесот на креирање на „Културно лето во МОФ" ќе биде посветен на промовирање на МОФ во целина. Несомнено, овој настан ја збогатува културната програма во нашата држава. Но, обезбедува простор за создавање нови партнерства со млади автори, млади активисти, млади креативци, млади иноватори, млади автори и нуди можност, поддршка и простор за самоизразување нарефлексија на работата, процесите и програмите

Во текот на годината 2021/2022, програмата претрпе промени на стаф тимот, односно за нов програмски координатор беше именувана Јоана Тренеска. Потешкотиите предизвикани од пандемијата со кои програмата за истражување, и општо целокупната организација се справуваше, беа олеснати и помалку оптеретувачки од минатата година и минатиот извештај. Сепак, некои практики на работа кои нужно се развија во текот на пандемијата, парцијално се задржаа и откако последиците од истата стивнаа. Програмата за истражување продолжи во некои случаи да ги користи онлајн платформите за одржување на средби и работилници. Тие онлајн алатки особено беа корисни со оглед на зголемената соработка со млади лица и организации од други градови.

Понатаму, програмата воспостави соработка, формално означена преку потпишување меморандуми со повеќе јавни универзитети низ државата. Се ангажираше за недоволно истражени теми во областа на млади и образование, како дигитализација во високото образование, социо-политичко учество на младите, можностите и проблемите на младите од рурални средини, дискриминацијата со која се соочуваат студентите и др.

Проектите на претходноименуваните теми резултираа со екстензивни истражувања, кратки документи за јавни политики и препораки кои беа презентирани пред релевантните институции, како и кампањи за подигање на свеста и за информирање на младите за наодите.

## ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

**Проект за мобилност на студенти и активисти од Северна Македонија, Србија и Албанија**

Регионален проект кој е наменет да трае од октомври 2022 до октомври 2023 се фокусира на соработка на студенти кои доаѓаат од Северна Македонија, Србија и Албанија. Во рамките на проектот, студентите ќе имаат можност, со финансиска и менторска поддршка од МОФ и младинските организации од Албанија (Science and Innovation for Development Centre) и Србија (Centre for Education Policy) да направат теренско истражување во Тирана, Белград и Скопје на тема во областа на млади и образование. По завршување на периодот на мобилност, кој е испланиран да трае околу 4 недели, учесниците имаат обврска да ги застапуваат и да ги претставаат наодите пред релевантни институции, во зависност од темата која ја анализирале. Овој проект ќе ги зајакне истражувачките капацитети на младите, ќе придонесе во поголема младинска и академска соработка на ниво на Западен Балкан и воедно ќе ги едуцира младите како да ги застапуваат своите приоритети пред институциите кои се должни тие барања да ги адресираат.

**Анализа на стапката на успех на доделените државни стипендии од Министерството за образование и наука, наменети за студенти кои се примени на првите 100 универзитети според Шангајската листа**

Целта на ова истражување кое е финансиски подрржано од Фондација Отворено Општество Македонија, е да се анализира досега непокриена тема во врска содржавните стипендии кои покриваат школарина и трошоци за живот за студенти кои се примени на универзитети кои ги завземаат првите 100 места на Шангајската листа. Овие стипендии се состојат од голема сума на средства, како и ригорозни услови за истите да се стекнат. Еден од условите е лицето кое ја добива стипендијата да се врати во Македонија и да го примени своето стекнато знаење на работна позиција обезбедена од државата. Досега, Министерството за образование и наука нема направено анализа на стапката на успех на овие стипендии, односно колку млади ја користат оваа можност, колку се одбиени и зошто, колку од нив успешно ги завршуваат студиите, колку се враќаат и каде работат и дали академските области кои се опфатени

соодветствуваат на дефицитарните кадри со кои се соочува државата. Преку истражувањето, Младински образовен форум ќе ја анализира стапката на успех на оваа политика, односно дали процесот на селекција бележи тренд на дискриминација и непотизам и дали државата ги користи кадрите кои се создаваат при финансирање на студиите на тие млади.

За ова истражување ќе се користи квалитативни методи и истото ќе се состои од два дела:

1. Деск-анализа на условите за доделување на стипендии, висината на износот на стипендиите, универзитетите и дисциплините кои се опфатени

2. Праќање барања за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за образование и наука. Јавните информации кои се потребни се однесуваат на средствата кои се потрошени досега на овие стипендии, дали и каква евиденција се води за студентите кои се таму, односно дали ги завршуваат студиите успешно и навремено, колку од нив се вратени и дали се дел од пазарот на труд во државата, профилот на лица кои се одбиени и зошто и слично.

3. Извршување на неколку интервјуа со полуструктурирани прашања со студенти кои ја искористиле стипендијата и студенти кои се пријавиле, но биле одбиени. Форматот на интервјуата ќе зависи од тоа дали лицата имаат желба да дадат изјава јавно или анонимно.

**Учество во креирање на Закон за студентски стандард и Закон за средношколско организирање**

Програмата за истражување активно ќе учествува и придонесува за креирање на нов Закон за студентски стандард и тоа преку членување во работна група во која учествуваат други младински организации, универзитетското студетнско собрание на УКИМ, советникот за млади на Владата и вработените од Министерството за образование и наука. Процесот на пишување на овој закон неодамна започна и неговата цел е да се регулира статусот на студентот и ученикот во однос на студентските и/или средношколските стипендии кои ги добива, чие ревидирање е особено важно во овој период на инфлација, правото на престој во студентски и/или средношколски домови и други одредби релевантни за студентите и средношколците.

Програмата воедно активно ќе земе учество и во креирањето на новиот Закон за средношколско организирање. Моменталните законски одредби не дозволуваат било кој формиран сојуз на средношколци да биде легитимно, легално претставничко тело на сите средни училишта на државата. Придонесот на МОФ во поглед на квалитетот на Законот ќе се манифестира преку учествување во работни групи кои допрва треба да се одржат.

## ВИЗИЈА ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ И НАЧИНИ НА РАБОТА

Програмата за истражување, анализа и креирање на образовни и младински политики во текот на следната година се стреми да воспостави неколку промени во начинот на работа на програмата и тоа:

Фокусот на истражување ќе се насочи кон

- Досега неопфатени, недоволно истражени теми во областа на образование и млади;
- Теми кои се општо познати или „јавни тајни“ но се уште нема фактички докази за истите;
- Актуелни теми со кои младите се најмногу засегнати (младинска невработеност и младински стандард);
- Кратките документи за јавни политики ќе подложат исклучиво на екстензивно и квалитетно истражување на темата ;

- Препораките и наодите од истражувањата наменети за јавни институции и млади ќе бидат застапувани на иновативни и креативни начини, преку користење социјални медиуми и визуелна презентација на резултатите;
- Доколку целта е квантитативно истражување, програмата ќе се стреми да воспостави соработка со институти, универзитети, академици и граѓански организации кои располагаат со база на податоци од претходно истражување и имаат можност и волја да ја „рециклираат“ за други потреби. Користење на постоечка база на податоци која има потенцијал да биде искористена за друга намена од оригиналната е веќе воспоставена пракса во поразвиените држави, и воедно е доста корисен елемент за програмата или за проектот во случај да нема доволно финансии за да се направи квалитетна, самостојна и оригинална база на податоци.

## Контекст во кој работеше Радио МОФ во периодот август 2021 – октомври 2022

Во периодот август 2021 - октомври 2021 тимот на Радио МОФ продолжи со континуирано, навремено и објективно известување за проблемите, иницијативите, потребите и барањата на македонската младина. Пост-влијание на Ковид-19; образование, граѓански активизам, ангажирана уметност, младинско учество; маргинализирани заедници; човекови права, дискриминација и екологија беа најчестите теми на кои се објавуваа новинарски содржини. Медиумот продолжи со авторски и мултимедијални продукти во обид да се придобие и задржи младата публика, па така се објавуваа и видео, аудио содржини, но и инфографици за визуелно да се претставуваат релеватни податоци. Авторски содржини се преведуваа и на албански јазик.

Медиумот продолжи со поддршка на алтернативната сцена и креативната заедница. Преку рубруките #ИнстаИлустрации и #ИнстаПоезија се промовираа домашни дизајнери, илустратори и поети, а дополнително стартуваше рубриката #РаскажиМи преку која секој петок се објавуваат кратки раскази и се промовира прозата на македонски јазик меѓу помладите генерации. Исто така, преку новата рубрика #Поларис се претставуваа најразлични осврти и погледи во светот на научната фантастика, фантазијата и хоророт, со цел да се привлече и публика што следи вакви жанрови, списанија и филмови.

Присутноста на Радио МОФ на социјалните мрежи забележа значителен напредок во наведениот период. Имено, медиумот достигна 28.000 следачи на Фејсбук и 12.500 на Инстаграм – една од најпопуларните мрежи која младите ја користат за комуникација и добивање информации. Токму поради таа причина, во овој период продолжи продукцијата на „Инста(нт) вести“, емисија што претставува актуелни вести од различни области кои ги таргетираат младите. Дополнително, со цел да биде во контакт со потребите и трендовите на младата публика, Радио МОФ отвори и свој ТикТок профил, кој е во почетна фаза на развој.

Тимот на Радио МОФ работеше и на градење на капацитетите. Третата генерација членови на Клубот за млади новинари ја заврши осуммесечната програма за новинарство, под менторство на Огнен Јанески, при што беа објавени интервјуа и новинарски производи од младите ентузијасти. Притоа, Радио МОФ продолжи да соработува и со млади новинари и практиканти, кои дадоа свој придонес со содржини во медиумот. Отворениот пристап за млади практиканти што ќе дојдат и потоа ќе станат дел од тимот, останува како принцип.

Радио МОФ ја продолжи соработката со „Порталб“, „Форум ЗФД“ и Институтот за комуникациски студии, а оствари нови соработки и со неколку други организации во полето на човековите права, родовите прашања и медиумската писменост.

Работата на Радио МОФ и новинарите, беа препознаени и наградени од домашните медиумски здруженија и од меѓународната заедница. Во септември 2021 Делегацијата на Европската унија на новинарите Даниел Евросимоски, Бојан Шашевски, Емилија Петреска и Јасмина Јакимова им ја додели наградата за истражувачко новинарство за темата во две продолженија за балканскиот рис; во декември 2021 Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) преку конкурс за теми за загадување на Бојан Шашевски му доделија втора награда за истражувачка сторија за арсенот од рудникот „Лојане“; а новинарките Ивана Смилевска и Емилија Петреска добија награда „Гласник на невидливите“ за сторија што ги третира проблемите на лицата без документи, доделена од Македонската платформа против сиромаштија. Во истиов период, Балканската истражувачка репортерска мрежа (БИРН) го смести Радио МОФ во 30-те највлијателни медиуми во државата, преку дата-базата „Медиумите под лупа“.

## ПРОМЕНИ И НОВИТЕТИ КОИ МЕДИУМОТ ЌЕ ГИ РЕАЛИЗИРА ВО ПЕРИОДОТ НОЕМВРИ 2022 – ОКТОМВРИ 2023

Радио МОФ во следниот период ќе продолжи да продуцира претпознатливи и свежи високо квалитетни медиумски содржини од интерес на младите. Ќе работи на истражувачки и мултимедијални стории со фокус на човековите права, образование, активизам, екологија, хумано живеење, култура. Радио МОФ ќе остане на и курсот за ширење на медиумската писменост, но сега со поголемо доближување до публиката. Па така, Радио МОФ планира да организира Отворени медиумски денови, каде млади луѓе ќе дојдат да се запознаат со работата на медиумот и мисијата да се работи по Кодексот на новинарите. Истовремено, ова е можност да се комуницира со млади луѓе што ќе внесат идеи, предлози и критики за да медиумот дополнително се подобрува.

Проширување на активностите се планирани и со вклучување во Youth Media Network, мрежа на младински медиуми од регионот. Идејата е да се реализираат заеднички теми релеватни за младите од Балканот, но и да се споделуваат искуства, знаења, информации и практики од медиумското известување, кои дополнително на медиумот ќе му дадат свеж пристап во работата, а и регионална видливост.

На видливоста ќе се работи и преку редизајн на сајтот и на логото. Исто така на нова опрема и дигитални алатки за професионално и навремено информирање. Актуелните теми и содржините што ги третираат новинарите ќе бидат пренесени во Инста(нт) вести, но овојпат во изменет формат. Ќе стартува и нова рубрика #НизТвојотОбјектив - можност сите заинтересирани фотографи, инстаграмџии и приврзаници на фотографијата да испраќаат свои дела што потоа ќе бидат објавувани на социјалните мрежи на Радио МОФ. Целта е да се отвори можност за изразување, промовирање и поврзување на фотографи, професионалци или аматери.

### НАРАТИВЕН ОПИС НА КЛУЧНИТЕ АКТИВНОСТИ НА МЕДИУМОТ

Во моментот на пишување на програмата, тимот на Радио МОФ го сочинуваат пет новинари, техничар, како и координатор и асистент на програмата Младински активизам. Дополнително, тимот повремено соработува и со преведувач на албански јазик и дизајнери за потребите на одредени новинарски продукти. Исто така, тимот комуницира со водителите на емисиите, колумнистите, членовите и менторот на Новинарскиот клуб и практикантите. По потреба, тимот се координира со останатите членови на МОФ за активности од интерес на организацијата.

Што се однесува до начинот на изведување на клучните активности, новинарите ги работат содржините кои се достапни на сајтот - вести, анализи, истражувања, интервјуа, ставови, извештаи од настани, рецензии, репортажи, видеа и подкасти. Исто така, новинарите менаџираат со социјалните мрежи и се задолжени за преведување и лекторирање текстови. Техничарот, пак, соработува и работи со водителите на емисиите и за одредени монтажи на производи, додека координаторот на подготвување извештаи и предлог проектите и комуникација со надворешните соработници. Моментално, Радио МОФ нема координатор и делумно тие обврски ги врши уредништвото, па од интерес на медиумот е да се врати стариот модел на функционирање. Целта е новинарите да се концентрираат на новинарски производи, без административни задолженија.

Во интерес на медиумот е да се реорганизира начинот на работа преку проекти. Односно, фокусот да биде на структурни и долгорочни вложувања во капацитетите, а не во квантитет на производи. Радио МОФ ќе работи и на подобрување на техничките капацитети, преку замена на старата и дотраена опрема со нова, но и набавка на опрема за креирање аудио-визуелни содржини кои ги следат современите трендови.

Предизвиците на младите, состојбите со маргинализираната заедница, кршењето на човековите права, слободата на говорот, хуманото живеење, еколошките прашања, активизмот, супкултурната сцена и ангажираната уметност остануваат да бидат фокус на медиумот. Онаму каде што е најпрепознатлив и најефективен, теми што се во интерес на јавноста и за младите луѓе.

Тимот продолжува и со работа на видео продукција на емисиите „Инста(нт) вести“ и „Јасно и гласно“. Подкастите „Мегафон“ и „Јас сум Цако“ ќе продолжат со својата шеста односно деветта сезона. Продукцијата на кратки информативни и едукативни видеа исто така ќе видат застапени, за да се даде простор и глас на ангажирани млади, активисти и креативци.

Аудио емисиите кои веќе неколку сезони се подготвуваат од волонтерите во Радио МОФ ќе продолжат со емитување и во наредниот период, а со работа ќе започне и четвртата генерација млади новинари преку членување во Новинарскиот клуб.

### ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

• Во наредниот период Радио МОФ очекува да ја задржи позицијата на еден од најчитаните младински медиуми со повеќе од 2 милиони годишни посети на веб страната;
• Зголемување на публиката која го следи Радио МОФ на социјалните мрежи;
• Продуцирање кадар од активни млади кои ќе продолжат да се занимаваат со новинарството;
• Радио МОФ да остане сојузник на младите кој ги претставува нивните интереси на пошироката јавност;
• Промовирање култура, активизам и младинско учество;
• Подобрување на аудио и видео квалитетот на содржините;
• Продолжување на позицијата координатор што ќе го подигне квалитетот на работа
• Реорганизирање на начинот на работа преку проекти